## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 31 октомври 2017 |

### 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

*1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16 и 142/16), се пропиша нова постапка за именување на извршители, се пропиша дека барањето за извршување на

извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице, се пропиша дека барањето за извршување од доверител за побарување кое произлегуваат од комунални услуги опишани во членот 11 точка 14) од Законот за извршување, против должниците должен е непосредно да бара од Комората на извршителите да одреди извршител, кому треба да го поднесе барањето за извршување, се пропиша дека приговорот и жалбата на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога како странка во извршувањето се јавуваат Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице, се пропиша задолжителен обид за вонсудска наплата на долгови за побарувања на доверители кои произлегуваат од комунални услуги, се пропиша испит за заменици извршители.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

- составувањето на барањата за извршување, приговорите против извршните дејствија на извршителите и жалбите против решенијата на првостепените судови на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, процедурата за спроведување на конкурс за именување на извршител е комплицирана и истата нема да придонесе за именување на постручни лица од кандидатите за извршители, а задолжителниот обид за вонсудската наплата на долгови предизвикаа големи реакции поради нејаснотии при нивната примена и посложени постапки за нивно спроведување на што реагираа и правните лица и доверителите кои имаат побарувања од комунални услуги.

## 2. Цели на предлог регулативата

- редефинирање на начинот на вршење на надзор над работата на извршителите и Комората на извршители
- редефинирање на постапката за спроведување на испит за извршители и спроведување на конкурс за именување на извршители
- поекономична и поедноставна постапка за иницирање на извршување на извршни исправи и остварување на правата на доверителите и должниците
- се бришат одредбите од законот кои се однесуваат на вонсудската наплата на долгови

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку Владата на Република Македонија не му предложи Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување заради надминување на горенаведените проблеми, може да доведе до целосно нефункционален систем на полагање на испитите за кандидати за извршител, неможност за спроведување на конкурси за именување на извршители, нефункционална вонсудска наплата на долгови, зголемување на трошоците за физичките и правните лица за поведување на постапка за извршување и примена на редовни правни лекови за заштита на правата на доверителите и должниците, со што ќе се доведе во прашање функционирањето на системот на извршување и неговата ефикасност.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Усвојување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Со предложените измени ќе се намалат трошоците на физичките лица како и на правните лица во постапката за извршување, а со тоа и нивната конкурентност и задржување на вработените, ќе се зајакне надзорот кој го врши Министерството за правда над работата на извршителите и Комората на извршители, ќе се намалат и трошоците на правните лица за спроведување на извршни постапк.

*4.2 Фискални влијанија*

Нема.

*4.3 Социјални влијанија*

Ќе се намалат трошоците за физичките лица за спроведување на постапка за извршување.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Нема.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Нема.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Нема.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Учество во Работната група: членови -претставници на Комора на извршители на Република Македонија, Нотарска комора на РМ, Адвокатска комора, Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Здружение на банкарство, Основниот суд Скопје 2, Државен универзитет Тетово и универзитетски професор во пензија.

Јавен увид со можност на испраќање на коментари преку ЕНЕР од 01.11.2017 година.

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување е доставен на мислење до Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Стопанска комора на РМ, Стопанска комора на северо-западна Македонија, Сојуз на стопански комори на РМ, Агенција за катастар на недвижности на РМ, Комора на извршители на РМ, Адвокатска комора на РМ, Нотарска комора на РМ и Секретаријат за законодавство.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*На ЕНЕР се добиени 14 коментари кои се содржани во алтернативите на членовите на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување и ќе придонесат за утврдување на конечниот текст на законот.*

*До Министерството за правда доставени се и 9 коментари во писмена форма од ЈП Водовод и канализација, Стопанска комора на Македонија, Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија ЕВН Македонија, Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ, Македонски Телеком АД, Комора на извршители на РМ, БЕГ Снабдување со топлина Балкан енерци ДООЕЛ, АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Македонија и Здружение на банкарство. Воглавно забелешките и предлозите се повторуваат во сите 9 коментари и се однесуваат на истите членови и тоа: член 12 став 1 точка 4, член 28 став 2, член 44 став 1 алинеја 5, член 46 став 3, член 86 став 1, член 87 став 1, член 93 став3 .*

*На состанок на Работната група беа разгледани сите коментари кои се добиени и на ЕНЕР и во писмена форма. Коментарите се содржани во алтернативите на членовите на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување и ќе придонесат за утврдување на конечниот текст на законот.*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

*Коментарот на членот 47 и 48 од Предлог законот, во кој е наведено дека доставата во Службен весник на РМ е нецелисходна, бидејќи граѓаните не читаат Службен весник, поради што објавата во дневниот весник е поцелисходна, не е прифатен.*

*Ваквото решение не е прифатено од причина што Службен весник е службено гласило на Република Македонија во кое се објавуваат законите, подзаконските акти и други прописи и акти, како и разни објави, повици, огласи и други текстови што е од јавен интерес.*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Ќе се овозможи спроведлива постапка за именување на извршител, ќе се воспостави реална проценка на знаењата на кандидатите за извршители преку полагање на испитот, , ќе се намалат трошоците на физичките и правните лица за спроведување на извршна постапка.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Усвојување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, ќе се овозможи спроведлива постапка за именување на извршител, ќе се воспостави реална проценка на знаењата на кандидатите за извршители преку полагање на испитот, ќе се намалат трошоците на физичките и правните лица за спроведување на извршна постапка.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Измена и дополнување на Законот за нотаријатот.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Потребно е измена и дополнување на постоечките подзаконски акти.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за правда, Комора на извршители на Република Македонија, извршители

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Советувања во организација на Комората на извршители на Република Македонија

**8. Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Информации и анализи изготвени од Комората на извршители на Република Македонија и информации, анализи и надзори над работата на извршителите и Комората на извршители од страна на Министерството за правда.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Квартални и годишни извештаи од извршителите и Годишна информација за примена на Законот за извршување.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум**______________

..........................................

**потпис на државен секретар**